**201909801252**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за оперативно-техничка агенција,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 март 2019 година.

Бр. 08-2166/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Член 1

Во Законот за оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/18), членот 33 се менува и гласи:

„Член 33

Средствата за плата, надоместоци и додатоци на плата, за работа, унапредување, модернизација и опремување на ОТА, како и за стимулирање на работниците во ОТА, предвидени со годишниот финансиски план на ОТА, се обезбедуваат од надоместоците на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, согласно со Законот за електронските комуникации, врз основа на претходно одобрен годишен финансиски план на Оперативно-техничката агенција од страна на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Македонија и од Буџетот на Република Македонија.”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 март 2019 година.